Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02), член 5 од Законот за даноците на имот („Сл.весник на РМ” бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16) и член 13 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот („Сл.весник на РМ” бр. 54/12, 17/13, 21/13 и 142/14) и член 46 од Статутот на Општина Македонски Брод („Сл.гласник на Општина Македонски Брод” бр.02/03…4/17), Советот на Општина Македонски Брод на третата седница одржана на 14.11.2021 година, донесе:

# ОДЛУКА
## за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2022 година

### Член 1

Со оваа одлука се определува просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2022 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Македонски Брод по Катастарски општини.

### Член 2

Просечната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата по Катастарски Општини во денари за метар квадратен се движи:

| Ред.бр | Општина Македонски Брод | Класа 1 | Класа 2 | Класа 3 | Класа 4 | Класа 5 | Класа 6 | Класа 7 | Класа 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | КО Македонски Брод | 650 | 600 | 550 | 500 | 450 | 400 | 350 | 300 |
| 2. | КО Требовље, КО Близанско, КО Здуње, КО Белица | 650 | 600 | 550 | 500 | 450 | 400 | 350 | 300 |
| 3. | КО Ижиште, КО Самоков | 550 | 500 | 450 | 400 | 350 | 300 | 250 | 200 |
| 4. | КО Ореовец, КО Русјаци, КО Латово, КО Требино, КО Девич, КО Сувидол, КО Манастирец, КО Модриште, КО Драгов Дол, КО Локвица, КО Црешнево | 450 | 400 | 350 | 300 | 250 | 200 | 150 | 100 |
| 5. | КО Сланско, КО Дреново, КО Грешница, КО Слатина КО Могилец, КО Калуѓерец, КО Крапа, КО Ковач, КО Лупште, КО Брест, | 350 | 310 | 270 | 230 | 190 | 150 | 100 | 50 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | КО Растеш, КО Томино село, КО Тополница | | | | | | | | |
| 6. | КО Крушје, КО Вир, КО Рамне, КО Зркле, КО Волче, КО Заград, КО Бенче, КО Битово, КО Ботушје, КО Тажево, КО Брезница, КО Звечан, КО Косово, КО Инче, КО Сушица, КО Барбарас, | 300 | 250 | 200 | 170 | 140 | 110 | 60 | 30 |

Табела 1

**Член 3**

Со денот на започнувањето на примената на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2021 година со бр.18-93/8 од 29.01.2020 (Сл.весник на Општина Македонски Брод бр.01/21)

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2022 година.

**Бр.18-788/5**
**14.12.2021 год.**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател**
**Ивица Аврамоски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД